**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРОГРАМИРАЊЕ НА CNC МАШИНИ” ОД АВТОР ВОН. ПРОФ. Д-Р СИМЕОН СИМЕОНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-73/22 од 10.9.2015 година донесена на 34. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на ден 10.9.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– ред. проф. д-р Владимир Дуковски, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
– ред. проф. д-р Миколај Кузиниовски, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,

за изготувување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРОГРАМИРАЊЕ НА CNC МАШИНИ”** од авторот **вон. проф. д-р Симеон Симеонов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Наслов на учебното помагало (скрипта-предавања) **„***ПРОГРАМИРАЊЕ НА CNC МАШИНИ”*, назив на предметот Програмирање на CNC машини, за седми семестар, неделен фонд на часови 2+1+1.

Приложениот ракопис е во согласност со Предметната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот**

Број на страници 131, формат А4, 96 слики и 18 табели. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Ваков учебник во Република Македонија не е објавен. Но има сличен наслов во едно поглавје (3.2-3.21) во скриптата (предавања) *„Автоматизација“* од З. Пандилов на Машински факултет во Скопје од 2005 г. Ракописот „Програмирање на CNC машини“ е напишан според потребите на Наставната програма на Машински факултет при УГД - Штип.

**Краток опис на содржината**

Овој ракопис ги содржи следните поглавја: Вовед; 1. Нумерички управувани (ЦНЦ) машини; 2. Технолошка подготовка за програмирање; 3. Подготовки и помошни функции; 4. Обработувачки центар со 4 оски Sinumerik 6mb; 5. Глодалка со управувачка единица FANUC; 6. Глодалка со управувачка единица Fanuc; 7. Струг со управувачка единица Sinumerik 6T, Струг со револверска глава со Fanuc. Струг со УЕ Fanuc.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот има научен квалитет, истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања од рачно програмирање на CNC машини, како и за вработени во работни организации кои имаат ваков тип на машини.

Тој ги задоволува критериумите за објавување, ракописот се категоризира како учебно помагало (скрипта-предавања)

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред. проф. д-р Владимир Дуковски, с.р.**
**Ред. проф. д-р Миколај Кузиновски, с.р.**